# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

кратоок документ

јануари-март 2025

Институт за европска политика. Скопје



ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија

# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај јануари-март 2025

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уредничка:
д-р Симонида Кацарска

Автори:
Ардита Вејсели
Беба Жагар
Јулијана Караи
Петар Барлаковски

Превод од англиски на македонски јазик:
Наташа Колеќевска Георгиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2025

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.





Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ за периодот од јануари до март 2025 година. Тој вклучува **следење на основните елементи на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.**

## Клучни случувања

» На почетокот на 2025 година беше избран нов претседател на Судскиот совет, а Советот објави планови за воведување месечни квоти на решени предмети за судиите.

» Во март, Собранието изгласа недоверба на пет члена на Судскиот совет поради наводи за поткопување на независноста на судството; заканите на премиерот со протест беа причини за предупредувања од ЕУ за политички притисок врз судството.

» Академијата за судии и јавни обвинители им додели уверенија на 50 идни судии и 47 обвинители.

» Во јануари 2025 година, Собранието усвои измени на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, а Владата ја усвои Националната стратегија за сајбер безбедност 2025–2028.

» Најновиот Индекс на перцепција на корупцијата на Транспаренси Интернешнл покажа назадување на Северна Македонија, главно поради загрижувачките случувања во судството во текот на изминатата година и неказнивоста на лицата вклучени во корупција на високо ниво.

» Кон средината на февруари беше објавен нацрт Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чија цел е да се решат идентификуваните недостатоци во актуелниот закон што негативно влијаат врз ефикасноста на ДКСК, притоа почитувајќи ги утврдените забрани и одговорности.

» ЈО го истражува пожарот во ноќниот клуб во Кочани, првично откривајќи неколку аномалии во објектот кои веројатно биле прикриени со коруптивни практики.

» Во текот на ова тромесечје, имаше случувања во процесот на избор на нови членови во Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ); меѓутоа, истиот не се финализираше поради отсуството на консензус во Собранието.

» Беше усвоен новиот Деловник за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), а Собранието објави јавен повик за избор на еден нов член на КСЗД.

» Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите усвои нов Акциски план за родова еднаквост во Собранието 2025–2027.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| **АВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **ЗНМ** | Здружение на новинари на Македонија |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **ГО** | Граѓански организации |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ФРОНТЕКС** | Оддел за човекови права при Европската агенција за гранична и крајбрежна стража |
| **ЈСП** | Јавно сообраќајно претпријатие |
| **ЛГБТИ+** | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| **МДТ** | Министерство за дигитална трансформација |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **ПС** | Пратеник во Собранието |
| **НИС** | Мрежни и информациски системи |
| **РЈА** | Реформа во јавната администрација |
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на лични податоци |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **РАИ** | Регионална антикорупциска иницијатива |
| **СЕММ** | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **СИГМА** | Поддршка за подобрување во владеењето и управувањето |
| **ССНМ** | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| **УНОДЦ** | Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ........ **6**

Избори ........ 7
Собрание ........ 7
Управување ........ 8
Граѓанско општество ........ 9
Граѓанска контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ........ 10
Реформа на јавната администрација ........ 11

**Поглавје 23** ........ **13**

Функционирање на судството ........ 14
- Управни тела ........ 14
- Независност и непристрасност ........ 14
- Отчетност ........ 15
- Професионализам и компетентност ........ 15
- Квалитет на правдата ........ 16
- Ефикасност ........ 17

Борба против корупцијата ........ 18
- Државна комисија за спречување на корупција ........ 18
- Јавно обвинителство ........ 19
- Правна рамка ........ 21

Темелни права ........ 22
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права ........ 22
- Народниот правобранител ........ 22
- Затворски и притворски установи ........ 22
- Заштита на личните податоци ........ 23
- Слобода на изразување ........ 23
- Ранливи групи и начелото на недискриминација ........ 25
- Род ........ 26
- ЛГБТИ+ ........ 28
- Роми ........ 28

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Во февруари, Уставниот суд покрена постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од неодамна усвоените измени и дополнувања во Изборниот законик. Предметните одредби го зголемуваат прагот за собирање потписи потребни за независните кандидати и листи за избори. Усвоени на 7 март 2024 година, измените требаше да се применат на локалните избори што треба да се одржат за октомври 2025 година. Судот забележа загриженост во врска со потенцијалните недоследности со темелните демократски начела, меѓу кои владеењето на правото, политичкиот плурализам и еднаквоста пред законот.[1]

# Собрание

На 10 јануари, Собранието усвои предлог за интерпелација против претседателката на Комисијата за социјална политика, демографија и млади, со 61 глас „за" и 22 „против". Предлогот, иницииран од пратениците од политичката партија Левица, наведуваше недостатоци во работењето на претседателката.[2] Собранието заклучи дека тврдењата се основани, а пратеничката набрзо потоа поднесе оставка.[3] На 29 јануари, Комисија за прашања на изборите и именувањата одобри предлог-одлука со која се предлагаа седум кандидати за членови во Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ).[4] Гласањето беше закажано за 34-тата Пленарна седница што се одржа на 12 февруари[5], но истото не се случи поради тоа што не беше обезбедено потребното мнозинство во Собранието.[6]

На 18 март, по смртоносниот пожар во ноќен клуб во Кочани, во кој загинаа над 50 лица, Собранието ги суспендираше сите закажани активности за таа недела, поради одбележување на денови на национална жалост.[7]

1 Уставен суд на Република Северна Македонија, У.бр.186/2024 Скопје, 26.02.2025 година, 26 февруари 2025, https://bit.ly/3RdS9iq

2 Со 61 глас „за" Собранието ја изгласа интерпелацијата за Илире Даути што ја поднесе Левица, 10 јануари 2025, https://bit.ly/4lufkmA

3 Илире Даути поднесе оставка до Собранието, 16 јануари 2025, https://bit.ly/3E4FsDM

4 Пратениците усогласија предлог за нов состав на АВМУ, 29 јануари 2025, https://bit.ly/4idE4fL

5 Пратениците ќе гласаат за нови членови на АВМУ, 12 февруари 2025, https://bit.ly/3G37Re1

6 Блокади и пролонгирање за избор на нов состав на АВМУ, 18 февруари 2025, https://bit.ly/43MnnEX

7 Македонското Собрание ги откажува сите активности планирани за неделава поради трагедијата што се случи во Кочани, 18 март 2025, https://bit.ly/3RK7Spy

# Владеење

На почетокот на февруари, по сообраќајна несреќа со смртни последици што предизвика вознемиреност кај јавноста во однос на судската одговорност,[8] премиерот објави дека владејачкото мнозинство ќе поднесе барања за интерпелација против пет членови на Судскиот совет избрани од Собранието.[9] Претседателката на Републиката ја поддржа иницијативата и побара нивни оставки.[10]

Истовремено, Владата иницираше разрешување на државниот јавен обвинител, наведувајќи ги како причина падот на Северна Македонија на Индексот на перцепција на корупцијата на Транспаренси Интернешнл за 2024 година и загриженоста околу законитоста на неодамнешното назначување во обвинителството.[11] Обвинителот ги отфрли обвинувањата, тврдејќи дека се почитуваат законските процедури и го оспори правниот основ за неговото разрешување.[12] И покрај дебатата што се одвиваше, Владата го поднесе предлогот за разрешување до Советот на јавни обвинители.[13] Во март, обвинителот повтори дека предлогот на Владата нема основ за утврдување на сериозно дисциплинско прекршување на правилата.[14]

На 11 март, Собранието изгласа недоверба на пет члена на Судскиот совет, наведувајќи ја како причина нивната улога во поткопувањето на независноста и кредибилитетот на судството. Со ова всушност им беше одземен легитимитетот да продолжат да ги извршуваат своите функции.[15] Одлуката беше дочекана со критики од известувачот на Европскиот парламент за Северна Македонија, кој предупреди дека политичкиот притисок врз судските институции ја загрозува поделбата на власта и владеењето на правото.[16] Набрзо потоа, премиерот јавно изјави дека доколку членовите на Судскиот совет не поднесат оставка, тој ќе поведе протести со кои ќе бара нивно отстранување.[17]

На крајот на март, Владата објави дека ја повлекува постапката за разрешување на републичкиот јавен обвинител, наведувајќи ја како причина потребата да им се овозможи на обвинителите што го истражуваат пожарот во ноќниот клуб во Кочани да си ја вршат својата работа непречено.[18] Закажаната седница на Советот на јавни обвинители за дискусија по ова прашање беше одложена поради немање кворум.[19]

8 Граѓани бараат правда за Фросина и одговорност од институциите, Радио Слободна Европа, 31 јануари 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33298519.html

9 Пратениците од власта поднесоа интерпелација за членовите на Судскиот совет избрани од Собранието, 360 Степени, 7 февруари 2025, https://bit.ly/4ketVRt

10 И Сиљановска-Давкова очекува оставки од членовите на Судскиот совет: Не се избрани за да бидат судски скандал мајстор, туку за да оневозможуваат скандализирање, Либертас, 11 февруари 2025, https://bit.ly/42UWttz

11 Владата ќе го разрешува државниот јавен обвинител Љупчо Коцевски, Независен, 11 февруари 2025, https://nezavisen.mk/vladata-kje-go-razreshuva-na-drzhavniot-javen-obvinitel-ljupcho-kocevski/

12 Изјава на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство на Северна Македонија, 11 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/izjava-na-javniot-obvinitel-na-republika-severna-makedonija-2/

13 Владата го усвои предлогот за разрешување на државниот обвинител Коцевски, Слободен печат, 25 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/vladata-go-usvoi-predlogot-za-razreshuvanje-na-drzhavniot-obvinitel-kocevski/

14 Во предлогот за разрешување нема основ за тешка дисциплинска повреда – вели Коцевски, Слободен печат, 7 март 2025, https://www.slobodenpecat.mk/vo-predlogot-za-razreshuvanje-nema-osnov-za-teshka-disciplinska-povreda-veli-kocevski/

15 Собрание: Изгласана недоверба за пет членови на Судски совет, Дојче Веле Вести, 11 март 2025, https://www.dw.com/mk/sobranieto-izglasa-nedoverba-za-petmina-clenovi-na-sudskiot-sovet-se-bara-i-nivna-ostavka/a-71889407

16 Вајц реагира за „притисок од владината коалиција кон членовите на Судскиот совет", Радио Слободна Европа, 13 март 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33346960.html

17 Мицкоски се закани со протести ако „петтемина жигосани" од Судскиот совет не се повлечат од функциите, Слободен печат, 13 март 2025, https://www.slobodenpecat.mk/mickoski-se-zakani-so-protesti-ako-pettemina-zhigosani-od-sudskiot-sovet-ne-se-povlechat-od-funkciite/

18 Владата ќе ја прекине постапката за разрешување на Коцевски независно од мислењето од Советот на јавни обвинители, 360 Степени, 26 март 2025, https://360stepeni.mk/vladata-ke-ja-prekine-postapkata-za-razreshuvane-na-kotsevski-nezavisno-od-misleneto-od-sovetot-na-javni-obviniteli/

19 Советот на обвинители снема кворум за разрешувањето на Коцевски, Слободен печат, 26 март 2025, https://www.slobodenpecat.mk/sovetot-na-obviniteli-snema-kvorum-za-razreshuvanjeto-na-kocevski/

Во врска со истиот инцидент, градоначалникот на Кочани поднесе оставка по трагедијата во која загинаа 59 лица и беа повредени над 150 лица.[20] Поврзано со истата трагедија, министерот за транспорт изјави дека се одземени 427 лиценци на градежни компании за кои е утврдено дека ги прекршиле прописите.[21] Во меѓувреме, Основниот суд Кочани им одреди 30-дневен притвор на 13 лица поради пожарот во ноќниот клуб „Пулс", меѓу кои и на поранешниот министер за економија.[22] Двајцата поранешни градоначалници на Кочани и поранешниот директор на Државниот пазарен инспекторат добија мерка куќен притвор, како замена на првичната мерка притвор.[23]

## Граѓанско општество

На 20 јануари, Владата објави јавен повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, упатен до претставници од здруженија и фондации.[24] На 5 февруари беше објавен дополнителен повик за граѓански организации кои ги претставуваат лицата со попреченост да се приклучат кон Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост.[25]

По првиот повик, беа поднесени 18 пријави.[26] На 6 март, Владата го објави списокот на 14-те назначени членови на Советот.[27] Истиот ден, објави нов повик за пополнување на позициите член и заменик-член во областа на заштитата на маргинализираните лица во рамките на Советот.[28]

На 14 март, Работната група за развој на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025–2028 ја одржа својата конститутивна седница.[29] До крајот на месецот, Владата доби две пријави за отворените позиции во областа на заштитата на маргинализираните лица.[30]

20 Градоначалникот на Кочани, Љупчо Папазов поднесе неотповиклива оставка на функцијата по стравичниот пожар во дискотеката „Пулс" во кој загинаа 59 лица, а 155 се повредени. Телма, 17 март 2025, https://telma.com.mk/2025/03/17/gradonachalnikot-na-kochani-lupcho-papazov-podnese-ostavka/

21 Николоски: Одземени 427 лиценци на градежни фирми кои го заобиколувале законот, ТВ Алфа, 23 март 2025, https://bit.ly/3H2WOSl

22 30 дена притвор за Бектеши и уште 12 лица, судот ги продолжи мерките за осомничените, Плусинфо, 21 март 2025, https://plusinfo.mk/30-dena-pritvor-za-bekteshi-i-za-12-drugi-lica-sudot-odluchi-da-gi-prodolzhi-merkite-za-osomnichenite/

23 Поранешните градоначалници на Кочани, Димитриевски и Илијев одат во куќен притвор, Радио Слободна Европа, 26 март 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33361046.html

24 Јавен повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите, Влада на Република Северна Македонија, 20 јануари 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1030

25 Јавен повик за изразување интерес за членување на граѓанска организација на лица со попреченост во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост при Владата, Влада на Република Северна Македонија, 5 февруари 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1031

26 Извештај за пријавени организации со кандидати и Јавен повик за гласање за избор на членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Влада на Република Северна Македонија, 12 февруари 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1032

27 Листа на кандидати според бројот на добиени гласови за членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Влада на Република Северна Македонија, 6 март 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1033

28 Јавен повик за избор на член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа Заштита на маргинализираните лица, Влада на Република Северна Македонија, 6 март 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1034

29 Прв состанок на Работната група за изработка на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, Влада на Република Северна Македонија, 14 март 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1035

30 Извештај за пријавени организации со кандидати и Јавен повик за гласање за избор на член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа Заштита на маргинализирани лица, Влада на Република Северна Македонија, 28 март 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1039

# Цивилна контрола врз безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

На 5 февруари, Уставниот суд пресуди дека разрешувањето на поранешниот директор на Агенцијата за разузнавање во јуни 2024 година не претставува дискриминација врз основа на пол или политичка припадност, како што тврдеше поранешниот функционер.[31]

Во меѓувреме, на 7 февруари, неколку училишта во Скопје добија закани со бомби и беа евакуирани.[32]

На 14 февруари, Агенцијата за национална безбедност објави воведување на задолжително полиграфско тестирање како дел од нејзините процедури за вработување, проценка на професионалниот интегритет и процес на безбедносна проверка, во согласност со Законот за Агенцијата за национална безбедност.[33]

На 27 февруари, Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) ја заврши постапката против заменик-директорот на Агенцијата за разузнавање, наведувајќи ја како причина паралелната истрага од страна на Јавното обвинителство по наводите дека поднел фалсификувани потврди за квалификации.[34] На 7 март, Обвинителството започна нова истрага за посебен случај поврзан со Агенцијата за разузнавање.[35]

31 Еролд Муслиу не бил дискриминиран при разрешувањето од директор на Агенцијата за разузнавање, констатира Уставен, 5 февруари 2025, https://bit.ly/4lvP0sm

32 Дојави за бомби во неколку скопски училишта, Радио Слободна Европа, 7 февруари 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33306477.html

33 Агенцијата за национална безбедност почнува со полиграфско тестирање, 14 февруари 2025, https://bit.ly/4lvP4s6

34 Слично како и директорот на АНБ – Антикорупционерите ја „исчистија“ и заменик директорката на Агенцијата за разузнавање, 27 февруари 2025, https://bit.ly/42odD1j

35 Уште пријави за Агенцијата за разузнавање – се истражува дали имало незаконско унапредување, Слободен печат, 7 март, 2025, https://www.slobodenpecat.mk/ushte-priccccjavi-za-agencija-za-razuznavanje-se-istrazhuva-dali-imalo-nezakonsko-unapreduvanje/

# Реформа во јавната администрација

Во јануари 2025 година, Собранието усвои измени и дополнувања на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, со кои се уредува дека печатениот електронски документ обезбеден од граѓанин има иста важност како и оригиналниот документ.[36] Овие измени на законот ќе го поедностават процесот на добивање документи, овозможувајќи им на граѓаните пристап до услуги на своите мобилни уреди.[37]

Во јануари 2025 година, Владата ја усвои Националната стратегија за сајбер безбедност 2025–2028.[38] Таа претставува патоказ за зајакнување на отпорноста и безбедноста на државата во сајбер-просторот. Оваа стратегија означува пресвртница во напорите на земјата да ја заштити својата дигитална инфраструктура и да изгради побезбедна и посигурна иднина за сите.[39] Истата беше усвоена по тригодишна пауза, во која отсуството на национална рамка за сајбер-безбедност ја остави земјата ранлива на сè поголемите закани.[40]

На 10 март 2025 година се одржа третата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација (РЈА), за време на која беше усвоен нацрт-годишниот извештај за 2024 година, кој го опфаќа периодот од јануари до јуни 2024 година. Овој извештај дава преглед на спроведувањето на Стратегијата за РЈА (2023–2030) со нејзиниот Акциски план. Дополнително, беше разгледан и дискутиран Акцискиот план за планираните активности во согласност со извештајот за следење од мисијата за проценка на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија.

Во март 2025 година, во согласност со целите дефинирани во Планот за раст за Западен Балкан, Министерството за дигитална трансформација (МДТ) објави подготовка на следните закони: Законот за електронски комуникации; изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги; Законот за архивски материјал и архивска дејност и Законот за безбедност на мрежи и информациски системи.[41]

- Законот за електронски комуникации има за цел да ја усогласи националната правна рамка со европските стандарди преку усогласување со Европскиот кодекс за електронски комуникации (2018/1972) и Законот за гигабитовата инфраструктура (2024/1309). Законот ќе обезбеди ажурирање на регулаторната рамка за електронски комуникации преку промовирање инвестиции во висококвалитетни и брзи мрежи, заштита на потрошувачите и промовирање на конкурентноста. Тој ќе воспостави сеопфатна рамка за поддршка на побрзо, поекономично и поедноставно распоредување на мрежи со голем капацитет, кои вообичаено се нарекуваат гигабитовни мрежи.[42]

---

36 Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 3/2025.

37 https://www.radiomof.mk/andonovski-od-ovoj-mesec-pechatenite-elektronski-dokumenti-se-priznavaat-kako-originalni/

38 Стратегија за сајбер безбедност 2025 – 2028. Министерство за дигитална трансформација, јануари 2025, https://mdt.gov.mk/files/sodrzina_na_CCB_2025_2028_usoglasen_tekst.pdf.

39 Андоновски: Владата ја донесе Националната стратегија за сајбер безбедност 2025–2028 година', Официјална веб-страница на Министерството за јавна администрација, 21 јануари 2025, https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/andonovski-vladata-ja-donese-nacionalnata-strategija-za-sajber-bezbednost-2025%E2%80%932028-godina---21012025.nspx.

40 Владата ја донесе Националната стратегија за сајбер безбедност 2025–2028 година, Meta.Mk, 21 јануари 2025, 2025–2028, https://meta.mk/vladata-ja-donese-nacionalnata-strategija-za-sajber-bezbednost-2025-2028-godina/.

41 Објавени на ЕНЕР сите нацрт закони на Министерството за дигитална трансформација во однос на Реформската агенда, Официјална веб-страница на Министерството за дигитална трансформација, 25 март 2025, https://mdt.gov.mk/mk-MK/objaveni-na-ener-site-nacrt-zakoni-na-ministerstvoto-za-digitalna-transformacija-vo-odnos-na-reformskata-agenda

42 Исто.

- Измените и дополнувањата на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги се во согласност со Регулативата на ЕУ 2024/1183. Примарната цел на законот е да се воспостави единствен и унифициран систем за дигитален идентитет на национално ниво, овозможувајќи лесен и безбеден пристап до јавни и приватни услуги. Ова ќе го поедностави користењето на електронските услуги и ќе го зголеми бројот на електронски трансакции меѓу корисниците.[43]
- Законот за архивски материјал и архивска дејност воспоставува современа правна рамка за управување со архивската дејност, вклучително и електронското ракување со архивски документи, што ќе го подобри зачувувањето и оперативната ефикасност на архивските институции во земјата.[44]
- Законот за безбедност на мрежните и информациските системи (НИС) служи како основа за усогласување со Директивата 2 на ЕУ за НИС. Законот има за цел да обезбеди високо ниво на сајбер отпорност преку интегрирање на сајбер безбедноста во секој сегмент од дигиталната трансформација.[45]

Преку овој пакет закони, МДТ воспоставува правна основа за сеопфатни, темелни и опипливи реформи во областа на информатичките и комуникациските технологии, како и дигиталната трансформација на земјата. Со навремено спроведување на планираните чекори, ќе се обезбедат значителни средства за забрзани реформи и развој, што ќе го зајакне економскиот раст и ќе ја поддржи земјата на нејзиниот пат кон членство во ЕУ.[46]

43 Исто.
44 Исто.
45 Исто.
46 Исто.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Управни тела

На почетокот на 2025 година, беше избран нов претседател на Судскиот совет како наследник на претходниот вршител на функцијата, кој поднесе оставка.[47] Во февруари, Судскиот совет ја објави својата намера да формира комисија која ќе дефинира индикативни месечни квоти на решени предмети за судиите.[48]

## Независност и непристрасност

По усвојувањето на новиот Правилник во ноември 2024 година, на 27 јануари се одржа конститутивната седница на реструктуираниот Совет за координирање на информатичко-комуникациската технологија во правосудните органи (Совет за ИКТ). Советот, формиран во согласност со член 87-а од Законот за судовите, е составен од претставници од судските институции и е одговорен за координирање на напорите за дигитализација во целото судство.[49]

Во јануари, Врховниот суд и Министерството за внатрешни работи потпишаа договор за соработка за да се овозможи електронска размена на податоци преку Националната платформа за интероперабилност, во согласност со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.[50] На крајот од месецот, Врховниот суд стави во употреба неколку веб-услуги на платформата, вклучувајќи ги и оние за кривичната и казнената евиденција, забрани за вршење професија и одземена деловна способност за физички лица.[51]

Во февруари, Здружението на судии избра нов состав на Судско-медиумскиот совет за 2025 година, составен од осум новинари и седум судии.[52] Советот излезе со јавна изјава во која го критикува исклучувањето на новинар од судска расправа во Велес, потврдувајќи дека пристапот на јавноста до судските постапки е основен принцип на правично судење и транспарентност, и подложи само на законски пропишани исклучоци.[53]

47 Судскиот совет доби нов претседател - Александар Камбовски, Дојче Веле Вести, 3 јануари 2025, https://www.dw.com/mk/sudskiot-sovet-dobi-nov-pretsedatel-aleksandar-kambovski/a-71208784?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss

48 Судскиот совет ќе формира комисија за утврдување на бројот на предмети што треба да ги реши судијата месечно, Слободен печат, 26 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/sudskiot-sovet-kje-formira-komisija-za-utvrduvanje-na-brojot-na-predmeti-shto-treba-da-gi-reshi-sudijata-mesechno/

49 Конститутивната седница на новиот состав на Советот за координирање на ИКТ: Стратегија за дигитална иднина!, Министерство за правда, 27 јануари 2025, https://www.pravda.gov.mk/vest/6814

50 Врховниот суд и Министерството за внатрешни работи склучија договор за соработка и побрзо користење на електронските услуги, Врховен суд на Северна Македонија, 30 јануари 2025, https://bit.ly/4jHiqle

51 Поставени веб сервиси на платформа за интероперабилност, Врховен суд на Северна Македонија, 27 март 2025, https://bit.ly/3S4xf5B

52 Нов состав на Судско-медиумскиот совет, Судско-медиумски совет, 18 февруари 2025, https://bit.ly/4lMDZCZ

53 Јавна изјава на Судско-медиумскиот совет, Судско-медиумски совет, 12 март, 2025, https://bit.ly/42CFzyk

## Отчетност

Во февруари по сообраќајна несреќа со смртни последици што ја вознемири јавноста, министерот за правда отстрани судијка од работна група формирана од Министерството. Судијката изрекла воспитна мерка без притвор во претходен предмет против истиот возач што беше обвинет за оваа несреќа.[54] Судскиот совет објави дека ќе го разгледа случајот со возачот со оглед на неговите претходни прекршоци.[55]

Претседателот на Судскиот совет јавно ги отфрли повиците за распуштање на Советот, предупредувајќи дека радикалните реформи би можеле да го поткопаат судството.[56] На крајот од месецот, Советот ги разгледа наодите на работната група што го оцени однесувањето на судијката и не најде основ за дисциплинска постапка.  Советот едногласно ја поддржа судијката, потврдувајќи дека одлуките биле согласно законската рамка.[57]

На 28 февруари, член на Судскиот совет одби да поднесе оставка по гласањето за интерпелација, со наводи за политички притисок од извршната власт и мешање во независноста на судството.[58]

Исто така, медиумите изразија загриженост поради надоместокот на претседателката на Врховниот суд што го примала од Академијата на судии и јавни обвинители помеѓу 2022 и 2024 година. И покрај тоа што добила приближно 400.000 денари, таа наводно отсуствувала од повеќе од половина од седниците на Одборот. Академијата се произнесе дека не добиле на време известување за да се повика заменик, додека претседателката тврдеше дека не добила покани на време. [59]

## Професионализам и компетентност

На 6 февруари, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ додели уверенија на 97 дипломирани слушатели на програма за почетна обука, меѓу кои на 50 идни судии и на 47 идни јавни обвинители.[60] Истиот ден, Советот на јавни обвинители објави оглас за пополнување на 47 позиции во основните јавни обвинителства, вклучувајќи и две слободни места во Канцеларијата за гонење на организиран криминал и корупција.[61] Судскиот совет, исто така, отвори оглас за 50 нови именувања на судии во целиот судски систем.[62]

54 Филков ја разреши судијката Алексовска Стојановска од работна група во Министерството за правда, Фокус, 3 февруари 2025, https://bit.ly/4kl74no

55 Судскиот совет ќе ги преиспитуваат претходните случаи на обвинетиот Васил Јованов, вели Камбовски, Слободен печат,  5 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/sudskiot-sovet-kje-gi-preispituvaat-prethodnite-sluchai-na-obvinetiot-vasil-jovanov-veli-kambovski/

56 Претседателот на Судскиот совет Камбовски: Институциите треба да се унапредуваат, не да се распуштаат, Слободен печат, 21 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/pretsedatelot-na-sudskiot-sovet-kambovski-instituciite-treba-da-se-unapreduvaat-ne-da-se-raspushtaat/

57 Судски застана зад судијката што му судеше на Васил Јованов – не може судиите да се виновни за се, Слободен печат, 26 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/gggsudski-zastana-zad-sudijkata-shto-sudeshe-jovanov-ne-mozhe-sudiite-da-se-vinovni-za-se/

58 Милазим Мустафа од Судскиот совет не поднесува оставка: Извршната власт се меша во судството, Слободен печат, 28 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/milazim-mustafa-od-sudskiot-sovet-ne-podnesuva-ostavka-izvrshnata-vlast-se-mesha-vo-sudstvoto/

59 Беса Адеми добила надоместоци од скоро 400 илјади денари од Академијата за судии и обвинители, а не присуствувала ниту на половина од седниците на Управниот одбор!, Фокус, 10 февруари 2025, https://fokus.mk/besa-ademi-dobila-nadomestotsi-od-skoro-400-iljadi-denari-od-akademijata-za-sudii-i-obviniteli-a-ne-prisustvuvala-nitu-na-polovina-od-sednitsite-na-upravniot-odbor/

60 Академијата за судии и јавни обвинители додели уверенија на 97 кандидати за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 5 февруари 2025, https://bit.ly/44t8yrh

61 Оглас за избор на јавни обвинители, Совет на јавни обвинители, 6 февруари 2025, https://sjorm.gov.mk/oglas-za-izbor-na-javni-obviniteli/

62 Оглас за избор на судии), Судски совет, 6 февруари 2025, http://sud.mk/wps/wcm/connect/ssrm/8b83baf0-f92d-4aae-86d2-078b920afb1a/ОГЛАС+ЗА+СУДИИ.pdf?MOD=AJPERES&CVID=

На 10 февруари, Советот на јавни обвинители избра нова претседателка на Вишото јавно обвинителство во Скопје.[63] Меѓутоа поднесе оставка само осум дена подоцна, наведувајќи ја како причина потребата да се фокусира на предметите на кои работела и препорачувајќи на тоа место да се назначи поискусен колега. Советот, истиот ден, назначи и нови раководители на основните јавни обвинителства во Гевгелија и Прилеп. [64]

Во март, Советот избра 31 нов јавен обвинител за 10 основни обвинителства.[65] Не беа избрани кандидати за обвинителствата во Гостивар и Кичево, додека пет други обвинителства немаа ниеден пријавен кандидат. Во истиот период, тројца судии од Апелациониот суд Битола дадоа свечена заклетва. Судскиот совет назначи нови претседатели на Апелациониот суд Битола и нови судии во основните судови во Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Прилеп, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип.[66]

На 10 март, Судскиот совет назначи вршител на должноста претседател на Врховниот суд со 10 гласови „за“ и 2 „против“. Процесот на избор за трајно назначување е во тек.[67]

## Квалитет на правдата

На својата 229. седница, одржана на 23 јануари 2025 г., Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одлучи да ја зголеми институционалната транспарентност со иницирање јавно емитувања на своите сесии преку каналот на Академијата на Јутјуб. Доколку е потребно ќе се следи ефикасноста на мерката и ќе се дополнува со дополнителни методи.[68]

На следната седница, Одборот беше информиран за подготовките за прием на деветтата генерација кандидати за почетна обука и усвои решение со кое се бара финансирање од Министерството за финансии преку судскиот буџетски совет. Академијата претходно побара насоки од Владата и Министерството за финансии во врска со идната структура на процесот на приемниот испит.[69]

На 26 јануари, Програмскиот совет одржа онлајн состанок за да го разгледа предложениот образец за План за обука подготвен од заменик-директорот на Академијата во соработка со вработените од Секторот за континуирана обука. Образецот има за цел да воведе унифицирана структура на предавањата. Членовите се согласија да продолжат да работат на доуредување на предлогот и да дадат дополнителен придонес за неговата содржина и формат.[70]

На својата 232. седница, одржана на крајот на март, Управниот одбор го разгледа текстот на јавниот повик за назначување нов заменик-директор и формираше комисија за надзор на постапката за избор.[71]

63 Соопштение за одржана седница, Совет на јавни обвинители, 10 февруари 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-13/

64 Обвинителката Крстевска Цалева поднела барање да биде ослободена од функцијата шефица на Вишото јавно обвинителство Скопје, Алсат, 18 февруари 2025, https://alsat.mk/mk/obvinitelkata-krstevska-tsaleva-podnela-barane-da-bide-oslobodena-od-funktsijata-shefitsa-na-vishoto-javno-obvinitelstvo-skopje/

65 Соопштение за одржана седница, Совет на јавни обвинители, 7 март 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-16/

66 Соопштение од 517-та седница на Судскиот совет на РСМ одржана на 10 март 2025 година, Судски совет, 10 март 2025, https://bit.ly/3GsXJvm

67 Џемали Саити е избран за в.д. претседател на Врховниот суд, Слободен печат, 10 март 2025, https://www.slobodenpecat.mk/dzhemali-saiti-e-izbran-za-v-d-pretsedatel-na-vrhovniot-sud/

68 Известување од одржана 229-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 24 јануари 2025, https://bit.ly/44DCHUz

69 Известување од одржана 230-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 25 февруари 2025, https://bit.ly/4lMMD4p

70 Одржан работен состанок на членовите на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 28 февруари 2025, https://bit.ly/42M88tr

71 Известување за одржување итна 232-ра седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители, 25 март 2025, https://bit.ly/3S7VboK

## Ефикасност

На 5 февруари, Уставниот суд го поништи Законот за данок за солидарност, утврдувајќи дека тој ја поткопува правната сигурност и го крши уставно заштитеното право на сопственост. Судот заклучи дека ретроактивното регулирање на правните односи ги нарушува легитимните очекувања на даночните обврзници и владеењето на правото.[72]

Подоцна, во текот на месецот, Судот покрена постапка за оценување на уставноста на измените и дополнувањата на Кривичниот законик од септември 2023 година, со кои се намалија казните за злоупотреба на службена положба и злосторничко здружување, со што потенцијално се влијае на застарувањето во неколку случаи од висок профил.[73]

Со едногласна одлука, Судот, исто така, отвори постапка за преиспитување на Деловникот за работа на Советот на јавни обвинители. Оспорената одредба дозволува работата на член во самиот Советот, дури и без обврски што произлегуваат од предмети, автоматски да се смета како дел од позитивната евалуација на неговата работа што се користи за унапредување по четири години.[74]

Судот ја одложи својата подготвителна седница за Законот за употреба на јазиците поради деновите на национална жалост по трагедијата во Кочани.[75]

Во меѓувреме, Владата ја објави својата намера да ја зголеми возраста за пензионирање на судиите на 67 години, наведувајќи го недостигот на персонал и потребата од зајакнување на борбата против корупцијата како причина за ваквото решение. Предлогот беше критикуван од опозицијата како дискриминаторски.[76]

72 Уставниот суд го поништи Законот за данок на солидарност, Уставен суд, 6 февруари 2025, https://ustavensud.mk/archives/32395

73 Мнозинството уставни судии ги оспорија измените на Кривичниот законик, Слободен печат, 12 февруари 2025, https://www.slobodenpecat.mk/mnozinstvoto-ustavni-sudii-gi-osporija-izmenite-na-krivichniot-zakonik/

74 Уставните судии едногласно ја прифатија иницијативата на обвинителката Ленче Ристоска против Деловникот на Советот на јавни обвинители, донесен со цел самоупродување., Сакам да кажам, 19 февруари 2025, https://bit.ly/3YUn3AG

75 Уставниот суд ја одложи подготвителната седница на Законот за употреба на јазиците поради седумдневната жалост за жртвите од трагедијата во Кочани, Уставен суд, 17 март 2025, https://ustavensud.mk/archives/32950

76 Власта го продолжува работниот век на постојните судии до 67 години, ТВ Сител, 13 февруари 2025, https://sitel.com.mk/vlasta-go-prodolzhuva-rabotniot-vek-na-postojnite-sudii-do-67-godini

# Борба против корупција

Кон крајот на февруари, Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), во соработка со Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) и Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ), а со поддршка на Австриската агенција за развој, организираше работилница за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси (2021–2025) и патоказ за развој на нова антикорупциска стратегија (2026–2030). На работилницата присуствуваа претставници на државните институции вклучени во спроведувањето на постојната стратегија, како и претставници од меѓународни организации во земјата, граѓанското општество и приватниот сектор.[77]

Последниот Индекс на перцепција на корупцијата на Транспаренси Интернешнл ја рангираше Северна Македонија на 88-то место во светот со 40 индексни поени, наспроти 76-тото минатата година со 42 индексни поени. Таквиот пад во голема мера се должи на загрижувачките случувања во судството во текот на изминатата година, како и на неказнивоста на поединци вклучени во корупција на високо ниво.[78]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Во втората половина на февруари, Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) избра нов заменик-претседател врз основа на принципот на ротација, со мандат од шест месеци.[79]

На крајот на март, ДКСК го објави својот годишен извештај за 2024 година. Комисијата примила 689 пријави со сомневање за корупција и отворил 78 предмети по службена должност. Таа усвоила вкупно 742 одлуки: 353 поврзани со корупција, 98 за судир на интереси, 60 за финансирање на изборни кампањи и 231 за анкетни листови.[80]

ДКСК, исто така, го објави својот годишен извештај за 2024 година за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси. Извештајот посочи дека само 18% од планираните активности се целосно спроведени, 32% се во тек, а 50% не се започнати. Најголем напредок е забележан кај органите на прогон, и секторите здравство и образование, додека ограничено ниво на спроведување е забележано во секторите урбанистичко планирање, животна средина, земјоделство и спорт.[81]

Дополнително, ДКСК го објави својот Извештај од спроведено следење на примената на системот за интегритет за 2024 година, кој опфаќа 72 институции на централната власт, 72 локални органи и 16 судски институции.[82] Во извештајот се забележани широко распространети недостатоци, вклучително и отсуство на внатрешни правила за судир на интереси, недоволно регулирање на делот за подароци и гостопримство, ниски стапки на ИСО сертификација и ограничена обука и следење поврзани со интегритетот.

77 Работилница за имплементација на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси (2021-2025) и патоказ за развој на нова антикорупциска стратегија (2026-2030), Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 28 февруари 2025, https://bit.ly/42Q5sMq

78 Индекс на перцепција на корупцијата 2024: Погубна улога на корупцијата во кризата со климатските промени, Официјална веб-страница на Транспаренси Интернешнл—Македонија, 11 февруари 2025, https://transparency.mk/2025/02/11/indeks-na-percepcija-na-korupcijata-2024-pogubna-uloga-na-korupcijata-vo-krizata-so-klimatskite-promeni/

79 Билјана Каракашева Шулев нова заменик претседателка на ДКСК, ТВ Телма, 21 февруари 2025, https://telma.com.mk/2025/02/21/biljana-karakasheva-shulev-nov-zamenik-pretsedatelka-na-dksk/

80 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024", март 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/03/ГИ-за-работата-на-ДКСК-за-2024_за-web-без-прилози.pdf

81 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025 за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година," март 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/03/Годишен-извештај-Национална-Стратегија-2024.pdf

82 Интегритетот како столб на доброто владеење - ДКСК со обемен извештај и повик за поголема институционална одговорност, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 март 2025, https://bit.ly/3RrTgLx

ДКСК ја објави својата намера редовно да објавува информации за активностите за примена согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.[83] Ги објави и имињата на поранешни и сегашни функционери казнети во изминатата година за прекршување на законот.[84]

## Јавното обвинителство

Во текот на ова тромесечје, јавниот обвинител на Република Северна Македонија го измени задолжителното упатство за сите јавни обвинители во земјата во насока да им се даде приоритет на случаите на корупција. Оние што се од особен јавен интерес се однесуваат на процедурите за обезбедување податоци и информации за банкарски сметки, имот или предмети од интерес што се наоѓаат во странство, а кои се релевантни за случаи поврзани со корупција и се однесуваат на сите лица инволвирани во дела на корупција, без оглед на нивната улога или статус. Овие измени произлегоа од состанок одржан со претставници на специјализираниот аналитички центар во Европол, одговорен за борба против корупцијата, каде што беа разгледани можностите за воспоставување подлабока соработка во случаи поврзани со корупција.[85]

Ова тромесечје беше обележано од пожарот што избувна во ноќен клуб во градот Кочани, каде што првично ги загубија животите 59 млади луѓе, а над 160 лица беа хоспитализирани.[86] Јавното обвинителство (ЈО) формираше тим од пет јавни обвинители,[87] кој покрена истрага против 27 лица и три компании,[88] но поради сложеноста на случајот, уште шест јавни обвинители се приклучија на тимот.[89] Нивните прелиминарни наоди открија неколку недостатоци кај објектот: немало хидрант ниту доволен број противпожарни апарати; не бил регистриран како угостителски објект, туку како објект за лесна индустрија со дозвола за работа од Министерството за економија издадена пред 15 години; бил обложен со материјали за звучна изолација и визуелни ефекти кои биле лесно запаливи; а биле користени и пиротехнички материјали без дозвола.[90] Овие наоди доведоа до разни институционални реакции: беше изречен притвор односно куќен притвор за вкупно 24 осомничени за тешки кривични дела против јавната безбедност;[91] градоначалникот на Кочани поднесе оставка;[92] а ДКСК започна антикорупциска ревизија на релевантното законодавство за да се овозможи откривање и спречување на потенцијални ризици од корупција.[93] Истовремено, граѓаните реагираа со организирање протести во Кочани[94] и други градови низ земјата,[95] додека Платформата на

83 Соопштение за јавност од 26.02.2025 година, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 февруари 2025, https://bit.ly/4jeZZVf

84 Информации за изречени глоби – 2024 година (Согласно член 98 од ЗСКСИ), Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 февруари 2025, https://bit.ly/442o650

85 Преку системот на Европол ќе се обезбедуваат податоци за банкарски сметки и имот во странство на корумпирани бизнисмени и функционери', Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 12 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/preku-sistemot-na-evropol-ke-se-obezbeduvaat-podatoczi-za-bankarski-smetki-i-imot-vo-stranstvo-na-korumpirani-biznismeni-i-funkczioneri/

86 Зошто пожарот во клубот во Кочани беше толку смртоносен?, Дојче Веле, 18 март 2025, https://www.dw.com/mk/zosto-pozarot-vo-improviziraniot-noken-klub-vo-kocani-bese-tolku-smrtonosen/a-71940018

87 Коцевски: Формиран е тим од пет јавни обвинители за трагедијата во Кочани, Радио МОФ, 16 март 2025, https://www.radiomof.mk/kocevski-formiran-e-tim-od-pet-javni-obviniteli-za-tragedijata-vo-kochani/

88 Јавното обвинителство отвори истражна постапка за 27 лица и три компании во врска со пожарот во Кочани, Радио МОФ, 21 март 2025, https://www.radiomof.mk/javnoto-obvinitelstvo-otvori-istrazhna-postapka-za-27-lica-i-tri-kompanii-vo-vrska-so-pozharot-vo-kochani/

89 Соопштение од 24.03.2025 година, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 24 март 2025, https://jorm.gov.mk/soopshtenie-150/

90 Дискотеката била полна со запаливи материјали, немала хидрант, а за концертот немало договор, Радио МОФ, 16 март 2025, https://www.radiomof.mk/diskotekata-bila-polna-so-zapalivi-materijali-nemala-hidrant-a-za-koncertot-nemalo-dogovor/

91 Двајцата поранешни градоначалници на Кочани одат во куќен притвор, ТВ Телма, 28 март 2025, https://telma.com.mk/2025/03/28/dvajczata-poraneshni-gradonachalniczi-na-kochani-odat-vo-kuken-pritvor/

92 Градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов поднесе оставка, Радио МОФ, 17 март 2025, https://www.radiomof.mk/gradonachalnikot-na-kochani-ljupcho-papazov-podnese-ostavka/

93 ДКСК: Започнавме постапка за антикорупциска проверка на законите за угостителска дејност, заштита и спасување, Законот за инспекциски надзор, Законот за локалната самоуправа, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 24 март 2025, https://bit.ly/4lCGCXV

94 Протест во Кочани - правда и крај на корупцијата, Радио Слободна Европа, 17 март 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33350703.html

95 Од денеска протести во Кочани во 15 часот, од понеделник и во Скопје, 24.mk, 22 март 2025, https://24.mk/details/od-deneska-protesti-vo-kochani-vo-15-chasot-od-ponedelnik-i-vo-skopje

граѓански организации за борба против корупцијата упати јавни барања до надлежните институции, чиешто исполнување треба да доведе до прекин на практиката на неказнивост, селективна правда и само формално исполнување на обврските.[96]

Во текот на ова тромесечје беа покренати уште неколку кривични истраги, во врска со следново: поранешен директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија осомничен за примање поткуп и проневера при извршување на службена должност;[97] пет физички и едно правно лице осомничени за злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување на службена исправа и злоупотреба на постапката за јавна набавка за избор на компанија за физичко обезбедување на 14 наплатни станици на Јавното претпријатие „Државни патишта";[98] и двајца полициски службеници осомничени за злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување на службена исправа и попречување на правдата за да се спречи изведување докази во постапки што се водат пред ОЈО Куманово.[99]

Дополнително, во овој период, беа поднесени кривични пријави поради основано сомнение за злоупотреба на службената положба и овластувања против следниве лица: в.д. директорот на Општата болница во Охрид;[100] поранешен началник на Одделот за воздухопловни единици на Министерството за внатрешни работи (МВР);[101] и поранешен директор на Рударско-енергетскиот комбинат „Битола".[102]

Кривични пријави беа поднесени и за други кривични дела поврзани со корупција против следните лица: 31 физичко лице и пет правни лица обвинети за злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување на службени документи, злоупотреба на постапка за јавни набавки, перење пари и неколку други кривични дела поврзани со набавката на адитив за јаглен за потребите на Електрани на Северна Македонија;[103] четири лица обвинети за злоупотреба на службената положба и овластувања и злоупотреба на постапката за јавни набавки при спроведување на проектот за фасада и осветлување на зградата на Владата;[104] поранешен директор на комуналното претпријатие на општина Гази Баба за проневера при извршување на службата;[105] петнаесет царински службеници и еден полициски службеник обвинети за сторени кривични дела примање поткуп и злоупотреба на службената положба и овластувања;[106] полицаец[107] и хирург[108] осомничени за примање поткуп во повеќе различни наврати.

96 Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата упати барања до надлежните институции кои ќе овозможат да се прекине праксата на неказнивост, селективна правда и формално исполнување на обврски, Официјална веб-страница на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, 28 март 2025, https://bit.ly/4jKut1r

97 Истрага за поткуп и проневера во СОЗР, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 6 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/istraga-za-potkup-i-pronevera-vo-sozr/.

98 Истрага за злоупотреби при јавна набавка во ЈП „Државни патишта", Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 25 март 2025, https://jorm.gov.mk/istraga-za-zloupotrebi-pri-javna-nabavka-vo-jp-drzhavni-patishta/.

99 Под истрага двајца полициски службеници, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 4 март 2025, https://jorm.gov.mk/pod-istraga-dvajcza-policziski-sluzhbeniczi/.

100 Кривична пријава за директорот на охридската општа болница!, ТВ 21, 6 февруари 2025, https://mk.tv21.tv/krivichna-prijava-za-direktorot-na-ohridskata-opshta-bolnitsa/.

101 МВР со кривична пријава за екс началникот на Одделот за воздухопловни единици, 24info.mk, 8 јануари 2025, https://bit.ly/44uPc4Q.

102 Финансиска поднесе кривична против екс директорот на ЕСМ Матевски, ТВ Телма, 13 февруари 2025, https://telma.com.mk/2025/02/13/finansiska-podnese-krivichna-protiv-eks-direktorot-na-esm-matevski/.

103 Поднесен обвинителен акт во предметот „Адитив", Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 27 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/podnesen-obvinitelen-akt-vo-predmetot-aditiv/.

104 Обвинение за четири лица инволвирани во изведбата на проектот за фасада и илуминација на зградата на Владата, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 7 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-chetiri-licza-involvirani-vo-izvedbata-na-proektot-za-fasada-i-iluminaczija-na-zgradata-na-vladata/.

105 Обвинение против поранешен директор – давал плати на хонорарци кои биле во странство, ТВ Телма, 16 јануари 2025, https://telma.com.mk/2025/01/16/obvinenie-protiv-poraneshen-direktor-daval-plati-na-honorarczi-koi-bile-vo-stranstvo/.

106 Обвинение за 16 лица во предметот „Премин", за две лица постапката е запрена, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 10 јануари 2025, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-16-licza-vo-predmetot-premin-za-dve-licza-postapkata-e-zaprena/.

107 Полициски службеник „падна" со 50 евра поткуп, пронајдени пари и документација, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 18 јануари 2025, https://jorm.gov.mk/policziski-sluzhbenik-padna-so-50-evra-potkup-pronajdeni-pari-i-dokumentaczija/.

108 Битолски хирург осомничен за примање поткуп, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 29 јануари 2025, https://jorm.gov.mk/bitolski-hirurg-osomnichen-za-primane-potkup/.

Во предметот „Тврдина“, Кривичниот суд Скопје изрече казна затвор од четиринаесет и пол години односно девет години и десет месеци против двајца поранешни разузнавачи, за злоупотреба на службената положба и овластувања и за фалсификување на службени документи, поврзани со уништувањето на системите за следење на комуникациите во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање. Поранешна министерка за внатрешни работи беше ослободена од обвинение, бидејќи обвинителството не докажа дека таа го сторила кривичното дело за кое беше обвинета.[109]

## Правна рамка

По приговорите на ДКСК[110] и Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата,[111] беше изразена загриженост во врска со предложените измени и дополнувања на Законот за јавни набавки. Како резултат на ова измените и дополнувањата беа повлечени од скратена постапка и беа поднесени по редовна законодавна постапка со одредени корекции.[112] Овие измени беа усвоени од Собранието, вклучувајќи ги и оспорените одредби за укинување на административната контрола врз јавните набавки што ја врши Бирото за јавни набавки и за промените во составот на Државната комисија за жалби по јавни набавки.[113]

Кон средината на февруари, на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) беше објавен предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Беше забележано дека овие измените и дополнувањата имаат за цел да ги решат идентификуваните недостатоци во Законот за спречување на корупција и судир на интереси, кои имаат негативно влијание врз ефикасноста на ДКСК и спроведувањето на утврдените забрани и одговорности.[114]

Во текот на ова тромесечје, Министерството за правда објави дека наскоро ќе подготви измени и дополнувања на важечкиот Кривичен законик, со кои се очекува да се отстранат штетните импликации од последните измени и дополнувања од 2023 година. Овие измени треба да ги подобрат одредбите поврзани со борбата против корупцијата со зголемување на постојните казни за кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување и со проширување на опсегот на кривичните дела за да се овозможи проширена конфискација.[115] Во меѓувреме, Уставниот суд покрена постапка за оценување на уставноста на измените на Кривичниот законик[116] од 2023 г. и му наложи на Собранието да ги измени и/или дополни во рок од шест месеци за да се ублажат нивните импликации.[117]

109 Избеганите началници на УБК, Грујевски и Бошковски со највисоки казни, Јанкулоска доби ослободителна – пресуди за предметот „Тврдина“, ТВ Телма, 13 јануари 2025, https://telma.com.mk/2025/01/13/izbeganite-nachalniczi-na-ubk-grujevski-i-boshkovski-so-najvisoki-kazni-jankuloska-dobi-osloboditelna-presudi-za-predmetot-tvrdina/.

110 Државната комисија за спречување на корупцијата повикува на транспарентност и анализа при донесување на измените на Законот за јавни набавки, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 12 декември 2024, https://bit.ly/4jxiGnE.

111 Платформа против корупција: Наместо да ја зајакнува, преку измени на Законот за јавни набавки се укинува контролата на тендери, Радио МОФ, 12 декември 2024, https://www.radiomof.mk/platforma-protiv-korupcija-namesto-da-za-zajaknuva-preku-izmeni-na-zakonot-za-javni-nabavki-se-ukinuva-kontrolata-na-tenderi/.

112 Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го повлекоа од скратена постапка и го поднесоа во редовна истиот предлог за измени на Законот за јавни набавки со кои се засилува корупцијата, Сакам да кажам, 16 декември 2024, https://bit.ly/3CtK6KI.

113 Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 14/2025.

114 Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР)), 17 февруари 2025), https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=66368.

115 Прво кратки и важни измени, а потоа нов Кривичен законик: Министерот Филков најавува итна ревизија на контроверзните измени од 2023 година, Plusinfo.Mk, 13 јануари 2025, https://plusinfo.mk/prvo-kratki-i-vazhni-izmeni-a-potoa-nov-krivichen-zakonik-ministerot-filkov-na-avuva-itna-revizi-a-na-kontroverznite-izmeni-od-2023-godina/.

116 Измените на Кривичниот законик пред Уставен суд, Дојче Веле, 11 февруари 2025, https://bit.ly/42FRADu.

117 У.Бр.162/2023 и У.Бр.163/2023, Официјална веб-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 12 февруари 2025, https://ustavensud.mk/archives/32824.

# Темелни права

## Судската пракса на Европскиот суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда на 4 март по предметот К.М. против Северна Македонија. Случајот се однесува на наводниот пропуст на Северна Македонија да заштити четиринаесетгодишно девојче од сексуална злоупотреба, а во врска со инцидент во кој возрасно лице наводно ѝ ја погалил ногата и ѝ ги допрел нејзините гради и рамена. ЕСЧП пресуди дека домашната кривично-правна рамка што важела во материјалното време не ја обезбедила потребната заштита на правата на жалителката согласно член 8 од Европската конвенција за човекови права. Тој утврдил дека недостатокот на ефикасен кривично-правен одговор на наводната сексуална злоупотреба, што резултирало со отфрлање на кривичната пријава на жалителката, не кореспондира со задолжителното почитување на најдобрите интереси на детето. Исто така, утврди дека домашните одредби од граѓанското право, како што се применуваат во пракса од страна на домашните судови, не ѝ ја обезбедиле на жалителката потребна заштита од сексуална злоупотреба. ЕСЧП пресуди дека имало повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).[118]

## Народниот правобранител

Во февруари, Народниот правобранител потпиша Меморандум за разбирање со Одделот за човекови права на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС), со цел да се обезбеди соработка меѓу двете институции и размена на информации во врска со упатствата за кршење на човековите права за време на оперативните активности на Агенцијата на територијата на Република Северна Македонија.[119]

## Затворски и притворски установи

Серија инциденти на почетокот на 2025 година ги нагласија постојаните предизвици во рамките на затворскиот систем, особено во најголемиот казнено-поправен дом, Идризово. Кон средината на јануари, беа пријавени серија насилни инциденти, вклучувајќи напади врз затворскиот персонал[120] и тепачки меѓу затворениците и во машкото[121] и во женското одделение.[122] Еден затвореник физички нападнал чувар за време на трансфер до суд.[123] Синдикатот на затворската полиција и администрација во рамките на Независниот синдикат на државната администрација ги истакна проблемите со коишто се соочуваат затворските службеници. Тој ја нагласи потребата од подобрување на правата на вработените и условите во затворскиот систем.[124] Овие инциденти укажуваат на сериозни недостатоци во надзорот на затворениците, внатрешната контрола и безбедносните процедури и за персоналот и за осудениците.

118 ECtHR, 'Case of K.M. v. North Macedonia (ЕСЧП, Случај К.М. против Северна Македонија (А. бр. 59144/16)›, 4 март 2025, https://bit.ly/4irHRX4.

119 Народниот правобранител потпиша меморандум за соработка со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража - ФРОНТЕКС, Официјална веб-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 13 февруари 2025, https://bit.ly/3EdE0yN.

120 Осуденик претепал затворски полицаец, 24 Инфо, 14 јануари2025, https://bit.ly/4losgug.

121 Нападнат затвореник во Идризово, 24 Инфо, 16 јануари 2025, https://bit.ly/3RIT3DD.

122 „Женска" тепачка во Идризово, осуденичка е тешко повредена", Скопје Инфо, 25 мај 2025, https://bit.ly/4i4E6Xp.

123 Затвореник од Идризово нападнал чувар, 24 Инфо, 20 јануари 2025, https://bit.ly/3Ely5HX.

124 Затворските полицајци се жалат дека криминалци ги малтретираат после работа: Напуштаат работа бидејќи е неиздржливо да се работи во скопските затвори, Plusinfo.mk, 4 февруари 2025, https://bit.ly/42ykFSb.

Загриженост постои и во врска со наводното несоодветно однесување од страна на затворскиот персонал. Според извештаите, затворски службеник овозможил неовластен пристап до мобилен телефон за затвореник од висок профил.[125] Министерството за внатрешни работи ја потврди суспензијата на службеникот.[126] Во посебни претреси, биле откриени 70 мобилни телефони[127] и готовина[128] во затворските ќелии во затворите Идризово и Шуто Оризари, што укажува на сериозни недостатоци во внатрешната контрола и управувањето со затворите.

Како одговор на овие проблеми, властите најавија мерки за подобрување на условите и отчетноста. Фондот за здравство и Управата за извршување на санкции започнаа реформа со која треба да се обезбеди сите осудени лица да добијат здравствено осигурување веднаш по влегувањето во затворскиот систем. Претходно, за здравственото осигурување требале да чекаат и по месец дена.[129] Дополнително, се преземаат чекори за воведување стандардизиран регистар на повреди заради подобрување на собирањето податоци и реформи на затворската политика базирани на информации.[130]

## Заштита на личните податоци

Во февруари, Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП) потврди дека медиумите имаат право да објавуваат лични податоци доколку постои јавен интерес, особено во случаи во кои се вклучени јавни личности. АЗЛП нагласи дека таквото известување мора да биде во согласност со професионалните стандарди и да не го нарушува личното достоинство.[131]

За да го одбележи Денот за побезбеден интернет на 6 февруари, АЗЛП започна активности за подигање на јавната свест кај децата и младите, промовирајќи одговорно дигитално однесување и подигајќи ја свеста за приватноста на податоците на интернет.[132]

## Слобода на изразување

Структурните предизвици и понатаму се присутни, и продолжуваат да влијаат врз независноста на медиумите и безбедноста на новинарите. Во јануари, Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) објави дека онлајн медиумите и понатаму се најчестите прекршители на етичките стандарди, со 84 примени претставки во 2024 година. Комисијата за жалби на СЕММ изрази загриженост поради непочитувањето на саморегулацијата во секторот на дигиталните медиуми и повика на зголемена професионализација и почитување на етичките норми. [133]

Именувањето на нови членови во Советот на АВМУ и понатаму не се поместува од мртва точка. Иако седум кандидати го поминаа процесот на проверка од собраниската Комисија за прашања на

125 Затворски полицаец му овозможил на Јованов мобилен во притвор, ќе биде суспендиран, 24 Инфо, 2 февруари 2025, https://bit.ly/43HfoZK.

126 Пандов: Суспендиран полицаецот кој му го пренел мобилниот на Јованов, во 40 ќелии откриени 70 телефони, Mkd.mk, 2 март,2025, https://bit.ly/3RE0Hzc.

127 Претреси во „Шутка“ – полицајците најдоа 70 телефони!,› 24 Инфо, 3 март 2025, https://bit.ly/42iCCDb.

128 Претрес во Идризово: Пронајдени пари и мобилни телефони!,› ТВ 21, 22 февруари 2025, https://bit.ly/4j0VP3o.

129 Затворениците нема повеќе да се лекуваат во болниците како да се неосигурани, туку за нив ќе се плаќа само партиципација, Слободен печат, 13 февруари 2025, https://bit.ly/421OZod.

130 'North Macedonia's authorities discussed the setting of a Standardized register of injuries in prisons („Властите на Северна Македонија разговараа за воспоставување стандардизиран регистар на повреди во затворите“)' Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Северна Македонија, 26 февруари 2025, https://www.coe.int/en/web/skopje/-/north-macedonia-s-authorities-discussed-the-setting-of-a-standardized-register-of-injuries-in-prisons.

131 АЗЛП: Медиумите имаат право да објавуваат информации поврзани со јавни личности, особено ако тие се релевантни за јавноста, Скопје Инфо, 7 февруари 2025, https://bit.ly/3G2BOuH.

132 Одбележан Меѓународниот ден за побезбеден интернет, Официјална веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци, 12 февруари 2025, https://bit.ly/42DoPby.

133 Онлајн медиумите и понатаму најголеми прекршители на Кодексот на новинарите, Радио МОФ, 21 јануари 2025, https://www.radiomof.mk/onlajn-mediumite-i-ponatamu-najgolemi-prekrshiteli-na-kodeksot-na-novinarite/.

изборите и именувањата,[134] Собранието во февруари не успеа да го обезбеди потребното двотретинско мнозинство.[135] Медиумите[136] и меѓународните актери[137] ја повторија потребата од транспарентни назначувања врз основа на заслуги, предупредувајќи за ризиците по регулаторната независност.

Во март, Владата објави тендер за развој на софтвер за следење на медиумите со цел оценка на содржината на вестите како позитивна, негативна или неутрална.[138] Медиумските организации предупредија дека ваквите алатки би можеле да овозможат цензура и да ја ограничат уредничката слобода.

Во ова тромесечје се забележа зголемување на заканите кон новинарите. Во јануари, во Велес беше запалено возило во сопственост на новинарка.[139] Медиумските организации го осудија нападот, поврзувајќи го со зголемениот тренд на родово-засновани закани.[140] Во февруари се појавија дополнителни случаи на злоупотреба на лични слики и говор на омраза упатени кон новинарки што се бават со истражувачко новинарство.[141] Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) повикаа на институционален одговор[142] и родово чувствителни заштитни мерки.[143]

Медиумските организации, исто така, изразија загриженост во врска со ограничувањата при известувањето по трагедијата во Кочани.[144] Новинари пријавија дека доживеале вербален притисок и опструкции од страна на локалните власти, истакнувајќи дека, наместо да поддржуваат транспарентно известување за време на криза, тие се обидувале да го контролираат наративот или да го ограничат пристапот на медиумите, со што ја поткопувале јавната доверба и слободата на изразување.[145] Министерството за внатрешни работи, по одлука на Агенцијата за цивилно воздухопловство, воведе забрана за беспилотни летала во Штип и Кочани за време на погребите.[146] Иако беше формулирано како безбедносна мерка, засегнатите медиуми изразија загриженост поради ограничувањата во пристапот до јавна документација. ЗНМ и ССНМ го критикуваа повикувањето на новинари на „информативни разговори“ во врска со употребата на беспилотни летала, укажувајќи на отсуството на претходно известување.[147]

Во текот на целото тромесечје, ЗНМ и СЕММ ја нагласуваа важноста на етичкото известување за чувствителни теми и се залагаа за институционални заштитни мерки за да се обезбеди слободата на печатот во пракса.

134 Седум кандидати за АВМУ го поминаа комисискиот филтер во Собрание, ТВ Телма, 29 јануари 2025, https://telma.com.mk/2025/01/29/sedum-kandidati-za-avmu-go-pominaa-komisiskiot-filter-vo-sobranie/.

135 Собранието денеска не ги изгласа новите членови на АВМУ, бидејќи не се постигна двотретинско мнозинство, 24 Вести, 13 февруари 2025, https://bit.ly/4i9ZH0L.

136 Експертите реагираат дека предложените членови на АВМУ се партиски, а не професионални решенија, 24 Вести, 30 јануари 2025, https://bit.ly/4leqITj.

137 Меѓународниот фактор апелира, членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да бидат професионалци и независни, Алсат М, 7 февруари 2025, https://bit.ly/4j4RE6K.

138 Владата ќе оценува позитивни, негативни и неутрални вести, распишан тендер за пресклипинг, Сакам да кажам, 27 март 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vladata-ke-otsenuva-pozitivni-negativni-i-neutralni-vesti-raspishan-tender-za-pres-kliping/.

139 Запалена колата на дописничката на Сакам да кажам од Охрид),› Сакам да кажам, 6 јануари 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/zapalena-kolata-na-dopisnichkata-na-sakamdakazham-mk-od-ohrid/.

140 Женската медиумска мрежа ЕДНАКВА и ССНМ со поддршка за новинарката Вренцовска, Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, 6 јануари 2025, https://bit.ly/4i7UOFb.

141 Од што се плаши Латас кога ве поттикнува да нè силувате и линчувате, Истражувачка репортерска лабораторија, 27 февруари 2025, https://irl.mk/od-shto-se-plashi-latas-koga-ve-pottiknuva-da-ne-siluvate-i-linchuvate/.

142 ЗНМ бара итна истрага за запаленото возило на дописничката на СДК.МК, Здружение на новинари на Македонија, 6 јануари 2025, https://znm.org.mk/en/ajm-calls-for-an-urgent-investigation-into-the-burned-vehicle-of-sdk-mks-correspondent/.

143 ЗНМ и ССНМ: Осуда за малициозното таргетирање на новинари и медиуми од Драган Павловиќ Латас, Здружение на новинари на Македонија, 26 февруари 2025, https://bit.ly/4jiBZ39.

144 ЗНМ и СЕММ: Апел за внимателно и етичко известување за трагедијата во Кочани,› Здружение на новинари на Македонија, 16 март 2025, https://bit.ly/427xKlv.

145 'Вин Вин 27.03.2025' (ТВ Телма, 27 март 2025), https://telma.com.mk/2025/03/27/vin-vin-27-03-2025/.

146 МВР: Забрана за користење дронови во Штип и Кочани, А1 on, 18 март 2025, https://a1on.mk/macedonia/mvr-zabrana-za-koristenje-dronovi-vo-shtip-i-kochani/.

147 ЗНМ и ССНМ: Новинари повикани на информативен разговор без претходно објавена забрана за дронови – бараме објаснување од МВР и АЦВ, Здружение на новинари на Македонија, 18 март 2025, https://bit.ly/3G3uK0V.

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Беше усвоен новиот Деловник за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), за да се придонесе кон институционалната рамка за справување со дискриминацијата.[148] КСЗД, исто така, издаде мислење во кое се идентификува директна политичка дискриминација во процесот на назначување на командирка во полицијата во Стар Дојран. Според наодите, МВР избрало кандидат со помалку релевантно искуство во однос на друг, врз основа на политичка припадност. Случајот откри тековни предизвици поврзани и со политичката пристрасност и со родовата еднаквост при назначувањата во јавниот сектор.[149] На 17 февруари, Собранието објави јавен повик за избор на еден член на КСЗД со мандат од пет години.[150]

Првата седница на Националното координативно тело за еднаквост и недискриминација се одржа во февруари. Министерот за социјална политика, демографија и млади ја нагласи важноста на ова тело како практичен механизам со широки одговорности во следењето на спроведувањето, предлагањето подобрувања и координирањето на напорите на државата во рамките на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2022–2026). Во подготовка е втор Акциски план (2025–2026), со цел консолидирање на меѓуинституционалната соработка и систематските одговори на нееднаквоста.[151]

Во однос на правата на лицата со попреченост, Министерството за дигитална трансформација (МДТ) во јануари започна консултации за нов Закон за пристапност, со цел да се обезбеди веб-страниците и мобилните апликации од јавниот сектор да се достапни за сите граѓани, вклучително и за лицата со попреченост.[152] Оваа законска иницијатива е во насока на усогласување со стандардите на ЕУ за дигитална пристапност. Дополнително, Министерството за образование и наука објави дека учениците со попреченост во средното образование ќе почнат да добиваат образовни асистенти почнувајќи од септември 2025 година. Министерството вети дека во текот на учебната година ќе обезбеди дополнителна поддршка секаде каде што е потребно, со цел да придонесе за поинклузивен образовен систем.[153]

148 Деловник за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 4/2025.

149 МВР избрало командирка во Стар Дојран, дискриминирајќи друга полицајка врз основа на политичка припадност, Слободен печат, 13 јануари 2025, https://bit.ly/4ctLpqC.

150 Одлука за објавување јавен оглас за избор на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 17 февруари 2025, https://bit.ly/4jrXM8Q.

151 Прва конститутивна седница на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, Официјална веб-страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади, 12 февруари 2025, https://bit.ly/4cxgpGc.

152 Андоновски: За прв пат Закон за пристапност на лицата со попреченост до државните веб страници и апликации, Официјална веб-страница на Министерството за јавна администрација, 16 јануари 2025, https://bit.ly/425r87b.

153 Средношколците со попреченост од септември ќе добијат образовни асистенти, Слободен печат, 19 февруари 2025, https://bit.ly/4jhR7hb.

## Род

Институционалните напори за зајакнување на родовата еднаквост продолжија и покрај постојаните предизвици околу спроведувањето и вознемирувачките случаи на родово засновано насилство.

Во јануари, Собранието ги усвои измените и дополнувањата на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (прво читање), со кој се зајакнува институционалната одговорност за обезбедување родово сензитивни услуги.[154] Во февруари, Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите усвои нов Акциски план за родова еднаквост во Собранието за периодот 2025-2027 година,[155] а меѓуинституционалната соработка за родова еднаквост беше зајакната со формирање на работна група за подготовка на Националниот акциски план за родова еднаквост за истиот период.[156] Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство и силување извести дека примила неколку барања, вклучително и од жртви на сексуална злоупотреба на деца[157] и пушти во употреба веб-страница со поддршка од мисијата на ОБСЕ во Скопје.[158] Клучна реформа во делот на работните односи е предложена и од политичката партија Левица - имено, се предлага продолжување на породилното отсуство на 18 месеци - со цел да се обезбеди продолжена поддршка за новите мајки, промовирајќи подобра рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот и грижа за децата.[159] Од друга страна, со измените и дополнувањата на Законот за основно образование,[160] кој стапи во сила на 11 јануари 2025 година, беа отстранети термините „род", „сексуална ориентација" и „родов идентитет" од член 5, став 1, како основи за заштита од дискриминација во образованието.  Оваа промена е директно спротивна на постојниот Закон за спречување и заштита од дискриминација, кој експлицитно ги вклучува овие категории. Со исклучување на овие заштити, измените ги ослабуваат институционалните заштитни мерки од дискриминација и насилство, особено за ЛГБТИ учениците и за девојчињата.

Во март, работната група за подобрување и спроведување на стандардната оперативна процедура за центрите за упатување за жртви на сексуално насилство го одржа својот прв состанок.[161] Целта на работната група е да ги идентификува недостатоците и предизвиците во функционирањето на центрите за упатување за жртви на сексуално насилство основани во три јавни здравствени установи - процедури кои не се усогласени со Истанбулската конвенција - и, врз основа на тоа, да предложи измени и подобрувања на стандардната оперативна процедура.[162]

По јавната реакција од граѓанското општество, вклучувајќи ја Националната мрежа против насилство врз жените[163] и Платформата за родова еднаквост,[164] Министерството за внатрешни работи ги повлече

154 Собранието донесе неколку законски решенија, Курир, 22 јануари 2025, https://kurir.mk/vesti/makedonija/sobranieto-donese-nekolku-zakonski-reshenija/.

155 Усвоен Акцискиот план за унапредување на рамноправноста меѓу жените и мажите, Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 14 февруари 2025, https://bit.ly/4jiM1C5.

156 Министерството за социјална политика, демографија и млади, Состанок на работна група за подготовка на националниот Акциски план за родова еднаквост 2025-2027, Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање, 10 февруари 2025, https://mtspresursencentar.mk/event/meeting-of-the-working-group-for-the-preparation-of-the-national-action-plan-for-gender-equality-2025-2027-2025-02-10.

157 Проработе Комисијата за паричен надоместок на жртвите на насилство и силување, услов да се побара помош е делото да е пријавено во МВР или во Обвинителство, Сакам да кажам, 8 февруари 2025, https://bit.ly/4i4fP3O.

158 Министерство за правда, Промовирана веб страницата на комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, 8 февруари 2025, https://pravda.gov.mk/vest/6821.

159 Плата до 5-ти и породилно отсуство од 18 месеци – предлозите на Левица утре на дневен ред, Слободен печат, 31 март 2025, https://bit.ly/4lo3Z7m.

160 'Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование', Службен весник на Република Северна Македонија бр. 3/2025) § (2025).

161 Средба на работната група за унапредување на центри за жртви на сексуално насилство, Канал 5, 13 март 2025, https://bit.ly/3XPDnCl.

162 Потребни се измени на процедурата за пријавување жртви на сексуално насилство, ТВ Телма, 13 март 2025, https://bit.ly/4jqMTUQ.

163 Реакција на предложените измени на Законот за полиција, Национална мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, 27 февруари 2025, https://glasprotivnasilstvo.org.mk/en/reaction-to-the-proposed-amendments-to-the-law-on-police/.

164 Реакција на предложените измени на Законот за полиција, Платформа за родова еднаквост, 27 февруари 2025, https://bit.ly/3EdYPdq.

предлог измените и дополнувања на Законот за полиција[165] со кои ќе им се дозволеше на полицајци обвинети за семејно насилство да го задржат своето оружје додека трае постапката.

Контроверзност се појави откако во февруари министерка од Владата даде дискриминаторска забелешка кон пратеничка, врз основа на брачен статус.[166] Инцидентот беше широко осуден од различни субјекти,[167] вклучително и опозицијата[168] и претседателката,[169] и резултираше со формална жалба до телото за рамноправност.[170]

Родово-заснованото насилство и фемицидот останаа во центарот на вниманието, вклучително и еден случај на фемицид од висок профил кога во ноември 2024 година беше убиена жена од нејзиниот вонбрачен партнер. Партнерот во текот на судењето[171] го призна убиството[172] и доби доживотна казна затвор.[173] Друг случај, на жена која ги убила своите насилници по години психолошко и физичко малтретирање, ја обнови дебатата за прифаќање на самоодбраната во такви околности.[174] Во март, јавноста беше вознемирена по нападот врз бремена жена во Радовиш емитуван во живо[175] при што осомничениот беше приведен[176] и сместен во установа за психијатриска нега. По повод Меѓународниот ден на жената, 8 март, групите што работат на правата на жените најавија протестни маршеви и бојкот на големите синџири на супермаркети со цел да го насочат вниманието кон родовата нееднаквост и несоодветниот институционален одговор.[177]

165 МВР ги повлече измените на Законот за полиција кои ги изложуваа на ризик жртвите на семејно насилство, Платформа за родова еднаквост, 4 март 2025, https://bit.ly/4los2TQ.

166 Нов „напад" од министерката Кочоска поради нејзиниот поглед врз конзерва грашок – со навреди се нафрли кон пратеничката Петровска, а поврзано со семеен статус, ТВ Телма, 27 февруари 2025, https://telma.com.mk/2025/02/27/nov-napad-od-ministerkata-kochoska-poradi-nejziniot-pogled-vrz-konzerva-grashok-so-navredi-se-nafrli-kon-pratenichkata-petrovska-a-povrzano-so-semeen-status/.

167 Славјанка Петровска не ја допираат навредите од Кочоска „дека нема деца", министерката не ѝ се извинува, ВМРО-ДПМНЕ ја нарече „Славица" и дека „глуми жртва",› Цивил Медиа, 28 февруари 2025, https://civilmedia.mk/slavjanka-petrovska-ne-ja-dopiraat-navredite-od-kochoska-deka-nema-detsa-ministerkata-ne-i-se-izvinuva-vmro-dpmne-ja-nareche-slavitsa-i-deka-glumi-zhrtva/.

168 Пратеничката Славјанка Петровска мета на крајно навредлив напад од министерката за финансии Кочоска – остри реакции од Филипче, Костова и Форумот на жени на СДСМ, Цивил Медиа, 27 февруари 2025, https://civilmedia.mk/pratenichkata-slavjanka-petrovska-meta-na-krajno-navredliv-napad-od-ministerkata-za-finansii-kochoska-ostri-reaktsii-od-filipche-i-kostova/.

169 Силјановска Давкова: Не е лошо човек некогаш и да се извини, 24 Вести, 3 март 2025, https://24.mk/details/siljanovska-davkova-ne-e-losho-chovek-nekogash-i-da-se-izvini.

170 Петровска испрати претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, 24 Вести, 4 март 2025, https://24.mk/details/petrovska-isprati-pretstavka-do-komisijata-za-zashtita-od-diskriminacija.

171 Во штипскиот основен суд закажано судењето за убиството врз 29 годишната Емилија Прошева, ТВ Телма, 23 јануари 2025, https://kanal5.com.mk/vo-shtipskiot-osnoven-sud-zakazhano-sudenjeto-za-ubistvoto-vrz-29-godishnata-emilija-prosheva/a681100.

172 Зејнелов го призна убиството на Емилија Пешева, семејството и обвинителот бараат доживотен затвор, 24 Инфо, 10 февруари 2025, https://bit.ly/42kqDF4.

173 Доживотен затвор за убиецот на 29 годишната штипјанка Емилија Пешева со која живеел подолго време, Сакам да кажам, 12 февруари 2025, https://bit.ly/42i8NT3.

174 Вешти лица - Илијевска убиствата ги извршила во афект, стравувајќи за сопствениот живот, ТВ Сител, 23 јануари 2025, https://sitel.com.mk/veshti-lica-ilijevska-ubistvata-gi-izvrshila-vo-afekt-stravuvajkji-za-sopstveniot-zhivot.

175 ВОЗНЕМИРУВАЧКО ВИДЕО: Насилник од Радовиш тепа бремена жена „во живо" на „ТикТок", пратениците не изгласаа ова кривично дело да се гони по службена должност, Слободен печат, 26 март 2025, https://bit.ly/4cmvUjX.

176 Тепаната жена не сака да го тужи насилникот, случајот го пријавила мајка ѝ, МВР поднесе пријава за „телесна повреда", А1 Оn, 27 март 2025, https://bit.ly/4joygBg.

177 „Нека јадат ружи!" – Протестен марш и бојкот на големите маркети и трговските центри за 8 март, Радио МОФ, 3 јануари 2025, https://bit.ly/44dLPiA.

## ЛГБТИ+

Годишниот марш за видливост на трансродовите лица беше откажан од почит кон жртвите од смртоносниот пожар во Кочани, а организацијата изрази солидарност со семејствата на жртвите.  Овој гест беше оценет и како обид за поттикнување на разбирањето и емпатијата меѓу ЛГБТИ+ заедницата и пошироката јавност во еден чувствителен период.[178]

## Роми

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) заклучи дека Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) дискриминирало  Роми, жители на општина Шуто Оризари, врз основа на нивната етничка припадност и боја на кожа. Како доказ за ова беа наведени оперативните нерегуларности на автобуските линии што ги опслужуваат реоните со мнозинско ромско население.[179] Во својата одлука, тие наведоа дека пристапот до јавен превоз е важна алатка за социјална и економска инклузија на Ромите и дека отсуството на таков пристап придонесува за нивна дополнителна маргинализација.

Првиот состанок на Националното координативно тело за Стратегијата за Ромите се одржа во февруари.[180] Телото има задача да го надгледува спроведувањето на Стратегијата за Ромите 2022–2030 и да обезбеди меѓуинституционална координација за мерките што ја промовираат инклузијата, еднаквоста и социоекономскиот развој на ромските заедници. Седницата ја потврди посветеноста на владата за унапредување на правата на граѓаните од ромската заедница и з подобрување на ефикасноста на релевантните политики.

178 Поради трагедијата во Кочани нема да се одржи маршот за видливост, продолжува борбата на трансродовите лица за место во општеството, Слободен печат, 30 март 2025, https://bit.ly/42gheOJ.

179 ЈСП ги дискриминира Ромите во Шутка: Еден возач спиел, друг не им застанувал на станица за да се качат, Слободен печат, 1 март 2025, https://bit.ly/442rwor.

180 Салиу: Се одржа првиот состанок на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Официјална веб-страница на Владата на Република Северна Македонија, 24 февруари 2025, https://vlada.mk/node/38358.

